Модул на е-учење

# Е-трговија: IOSS шема – Напредно ниво (IOSS напредно ниво)

П о е н т и  н а  к у р с о т

Ова е кратко и практично резиме за најважните информации од курсот.

## 1 Учебни цели

До крајот на овој курс, вие ќе научите:

- Шемата за дозволи за увоз (IOSS) на едношалтерскиот систем (OSS) и процесите.
- Општите функционалности на IOSS и употребата на ДДВ даночниот идентификациски број за IOSS.
- Потпроцесите на IOSS (регистрација, ДДВ пријава, плаќање) за секоја засегната страна (царински и даночни управи и економски оператори што користат IOSS).
- Придобивките од шемата за дозволи за увоз.

## 2 Вовед во IOSS

Едношалтерскиот систем **(OSS)** на ЕУ е електронскиот портал што претпријатијата може да го користат за да ги исполнат своите ДДВ обврски за е-трговија до корисници во рамките на ЕУ, а којшто е активен од 1[ви] јули 2021 година. Шемата на земји членки на Унијата е применлива во областа на телекомуникации, радиодифузија или електронски обезбедени услуги (TEE), далечинска продажба на стока во рамките на Заедницата и останати услуги што не се TEE-услуги.

**OSS шемата за земји што не се членки на Унијата** е применлива за сите Бизнис до корисник набавки на услуги во ЕУ, како: Услуги за сместување, Прием на настани, Услуги за транспорт.

**Едношалтерскиот систем за увоз (IOSS)** е електронскиот портал што претпријатијата може да го користат уште од 1[ви] јули 2021 година за да ги исполнат своите ДДВ обврски за е-трговија со далечинска продажба на увезени добра во форма на пратки чија вредност не надминува 150 евра.

### Преглед на едношалтерскиот систем (OSS) и шемата за дозволи за увоз (IOSS)

| | Регистриран даночен обврзник/набавувач од земја што не е членка на Унијата | Регистриран даночен обврзник/набавувач од земја членка на Унијата |
|---|---|---|
| Набавка на услуги до корисници (B2C) | Шема за земји што не се членки на Унијата (OSS) | Шема за земји членки на Унијата (OSS) |
| Далечинска продажба на стоки од лица за кои се смета дека се набавувачи | Шема за земји членки на Унијата (OSS) | Шема за земји членки на Унијата (OSS) |
| Домашни набавки на стоки од лица за кои се смета дека се набавувачи | Шема за земји членки на Унијата (OSS) | Шема за земји членки на Унијата (OSS) |
| Продажба на далечина на увезени стоки од трети земји во пратка чиј износ не надминува 150 евра | Шема за дозволи за увоз (IOSS)<br>Дали има потреба од посредник (ДА) | Шема за дозволи за увоз (IOSS)<br>Дали има потреба од посредник (НЕ) |

# 3 Шема за дозволи за увоз

Едношалтерскиот систем за увоз (IOSS) е создаден да го олесни и поедностави пријавувањето и плаќањето ДДВ за продажба на стока на далечина увезена од трети територии или трети земји од продавачи што се од ЕУ и што не се од ЕУ, до корисници во рамките на ЕУ. IOSS важи само за пратки со стоки со внатрешна вредност што не надминува 150 евра.

На 1[ви] јули 2021 година, беше укинато ослободувањето од данокот на додадена вредност (ДДВ) за увоз на стоки што не надминуваат 22 евра. Како резултат на тоа, сите стоки увезени во ЕУ подлежат на ДДВ.

### Преглед на шемата за дозволи за увоз




## 3.1 Регистрација

За да го користи едношалтерскиот систем за увози, компанијата што врши продажба на стоки на далечина увезени од трети територии или трети земји, мора да се регистрира во земјата членка каде има седиште или, ако има седиште во земја надвор од Заедницата, во една од земјите членки каде што има постојано седиште. Нема предности за ДДВ при изборот на една земја членка во однос на друга.

## 3.2 ДДВ пријава

Даночниот обврзник што го користи IOSS треба да поднесе месечен ДДВ до земјата членка во која се врши идентификацијата, наведувајќи го следново:

1) Вкупниот оданочлив износ за секој производ добавен до секоја земја членка каде завршува доставата или пренесувањето на стоката до корисникот
2) ДДВ износ
3) Стапка на ДДВ

Увозната декларација го содржи важечкиот увозен едношалтерски идентификациски број за IOSS на даночниот обврзник или на назначениот посредник основан во Унијата.

Даночните власти на земјата членка каде се врши идентификација ги обезбедуваат информациите за ДДВ-пријавата на секоја земја членка наведена во неа, а во која завршува испраќањето или транспортот на стоката до корисникот.

### 3.3 Плаќања на ДДВ

Компанијата го плаќа ДДВ-то декларирано во ДДВ пријавата, на даночните власти на земјата членка каде се врши идентификација.

Земјата членка каде се врши идентификација го дистрибуира ДДВ-то до земјите членки наведени во ДДВ пријавата.

## 4 Процес на регистрација

### 4.1 Директна регистрација во земјата членка каде што обврзникот е основан

Секој даночен обврзник кој врши продажба на стоки на далечина, увезени во ЕУ од трета територија или трета земја во вид на пратки со внатрешна вредност што не надминува 150 евра, може да се регистрира за шемата за дозволи за увоз. Ако тој обврзник не е основан во ЕУ, тогаш тој мора да назначи посредник за да може да ја користи шемата.

За шемата за дозволи за увоз, земја членка каде што се врши идентификација е онаа во која даночниот обврзник го има основано бизнисот.

### 4.2 За посредникот

Даночните обврзници, набавувачите и електронските интерфејси коишто немаат седиште во ЕУ или во трета земја со која ЕУ има склучено договор за заемна помош во врска со ДДВ, треба да назначат посредник за да можат да ја користат шемата за дозволи за увоз. Другите даночни обврзници, оние што се регистрирани во ЕУ, може да назначат посредник, но не се обврзани на тоа.

Посредникот треба да биде даночен обврзник кој е регистриран во ЕУ. Тој мора да ги исполнува сите обврски утврдени во шемата за дозволи за увоз за набавувачот или електронскиот интерфејс, вклучително и поднесување на IOSS ДДВ-пријави и плаќање ДДВ за продажба на далечина на увезена стока со мала вредност.

### 4.3 Директна регистрација со посредникот и во земјата членка каде што се врши идентификација

Ако даночниот обврзник го нема основано бизнисот во ЕУ, тогаш земја членка на идентификација би била онаа каде што даночниот обврзник има постојано седиште. Кога даночниот обврзник има повеќе од едно постојано седиште, тој даночен обврзник може да ја избере која било земја членка во која има постојано седиште да биде негова земја членка на идентификација.

Ако даночниот обврзник не е основан во ЕУ, туку во трета земја со која ЕУ има склучено Договор за заемна помош за поврат на ДДВ и врши продажба на далечина на увезени стоки од таа трета земја, тогаш тој слободно може да ја избере која било земја членка за земја членка на идентификација. Во овој случај, нема потреба да се назначи посредник за да може да се користи шемата за дозволи за увоз.

## 4.4 Процес на регистрација кој  го врши земјата членка на идентификација

Процесот за регистрација на економскиот оператор/посредникот којшто го врши земјата членка на идентификација се состои од три потпроцеси кои се справуваат со:

1) Првична регистрација
2) Ажурирање на информациите за регистрација
3) Исклучување од специјалната шема

# 5 Процес за ДДВ пријава од земји членки

Процесот за ДДВ пријава од земјата членка на идентификација ги вклучува следниве потпроцеси:

1) Процес на ДДВ пријава
2) Пренос на информации за ДДВ пријавата
3) Потсетник за ДДВ пријава

## 5.1 Процес за ДДВ пријава од земјата членка на идентификација

Обработката на ДДВ пријавата ја опфаќа обработката на првичната ДДВ-пријава што ја поднел економскиот оператор или неговиот посредник до земјата членка каде што се врши идентификација.

Економскиот оператор или посредникот мора да ја поднесе ДДВ-пријавата до земјата членка каде што се врши идентификација во согласност со следниве дефиниции.

Економскиот оператор или посредникот мора да ја поднесува ДДВ-пријавата до земјата членка каде што се врши идентификација на месечна основа, во текот на тој месец што следи по крајот на периодот на поврат опфатен со пријавата поврзан со шемата за дозволи за увоз.

## 5.2 Пренос на ДДВ пријавата од страна на земјата членка каде што се врши идентификација

Потпроцесот за пренос на информациите од ДДВ-пријавата ја вклучува подготовката на информациите во ДДВ-пријавата од страна на земјата членка каде што се врши идентификација и нивното пренесување до земјата членка на потрошувачка или до земјата членка каде што има регистрирано седиште.

## 5.3 Потсетник за ДДВ пријава од земјата членка на идентификација

Земјата членка каде што се врши идентификација ги идентификува сите економски оператори и посредници што не поднеле ДДВ-пријава во соодветниот период за поднесување и ја пренесува таа информација до сите други земји членки, на следниов начин:

1) Ги издвојува економските оператори или посредници што треба да добијат потсетник
2) Го потсетува економскиот оператор или посредникот за обврската за ДДВ-пријава
3) Го изготвува и пренесува списокот на потсетени економски оператори или посредници

# 6 Процес на плаќање од земјите членки

## 6.1 Проценка на процесот за плаќање од земјата членка на идентификација

Евалуацијата на процесот на плаќање го зема предвид следново:

1) Приемот на плаќањето извршено од економскиот оператор или посредникот, од страна на земјата членка каде што се врши идентификација.
2) Регистрацијата на плаќањето.
3) Откривањето и надоместувањето на преплатата на износот на ДДВ и постапување со непризнаено плаќање,
4) Примањето и обработката на известувања за потсетник за плаќање што ги испраќа земјата членка каде што се врши потрошувачката.

## 6.2 Пренос на процесот за ДДВ пријава од земјата членка на идентификација

Земјата членка каде што се врши идентификација прима плаќање од економскиот оператор или неговиот посредник за ДДВ-пријава што се однесува на една или повеќе земји членки каде што се врши потрошувачката. Земјата членка каде што се врши идентификација мора да го подели плаќањето според плаќања поврзани со земјата членка каде се врши потрошувачката и да ги пренесе до таа земја членка во рок од 20 дена по завршувањето на месецот во кој е примено плаќањето. Оперативниот оддел на земјата членка каде што се врши идентификација извлекува список со плаќања примени од економскиот оператор или неговиот посредник за време на периодот на плаќањето.

## 6.3 Обработка на информациите за плаќањето што ја врши земјата членка каде што се врши потрошувачката

Оперативниот оддел на земјата членка каде што се врши идентификација пренесува порака за евалуацијата на информациите за плаќањето до релевантната земја членка каде се врши потрошувачката.

Земјата членка каде што се врши потрошувачката ги прима и обработува плаќањето и информациите за плаќањето од земјата членка каде што се врши идентификација преку следниве постапки што ги извршуваат оперативниот и финансискиот оддел:

1) Се собираат информации за плаќањето
2) Се регистрира примените плаќање
3) Се известува за примените плаќање
4) Се чека плаќањето
5) Се проценуваат информациите за плаќањето
6) Се контактира со земјата членка каде што се врши идентификацијата за да се решат недоследностите
7) Точни информации за плаќање

## 6.4 Процес за потсетник за плаќање од земјата членка каде што се врши идентификацијата

Постапката за потсетување за плаќањето се однесува на обврската на земјата членка каде што се

врши идентификацијата да го потсети економскиот оператор или неговиот посредник за задоцнет ДДВ.

Доколку плаќањето добиено од економскиот оператор или неговиот посредник се оцени како недоволно плаќање или неплаќање, земјата членка каде што се врши идентификација мора да го потсети економскиот оператор или неговиот посредник за задоцнет ДДВ десеттиот ден по денот кога требало исплатата да биде најдоцна извршена.

За да испрати потсетник за плаќање, земјата членка каде што се врши идентификација:

1) Го извлекува списокот со пријави за недоволно платен ДДВ.
2) Го известува економскиот оператор или посредникот за задоцнет ДДВ.
3) Го пренесува списокот на потсетени економски оператори/посредници.

# 7 Други процеси за земјите членки

## 7.1 Процес на надоместување - Пренос на информации според земја членка каде се врши потрошувачка

Оперативниот оддел на земјата членка каде што се врши потрошувачката има список со преплатени ДДВ пријави и може да го процени плаќањето преку земјата членка каде што се врши идентификација.

За секоја ДДВ-пријава во списокот, му наложува на финансискиот оддел директно да му ги надомести трошоците на економскиот оператор или неговиот посредник.

Оперативниот оддел треба да поднесе барање за автоматизиран пристап до земјата членка каде што се врши идентификација за најновите информации за регистрација за економскиот оператор или неговиот посредник да ја добие банкарската сметка.

## 7.2 Процес на надоместување - Преплата

Земјата членка каде што се врши потрошувачката треба да го информира економскиот оператор или неговиот посредник за надоместокот. Во комуникацијата треба да се наведе единствениот референтен број на ДДВ-пријавата.

За периодите на пријавување по 1$^{ви}$ јули 2021 година, во случај кога земјата членка каде што се врши идентификација примила и дистрибуирала сума во однос на ДДВ-пријавата за која подоцна е утврдено дека е неточна, со неа се справува економскиот оператор или посредникот кој поднесува корекција со последователна ДДВ-пријава.

Доколку резултатот од корекцијата е направен за преплата, тогаш земјата членка каде што се врши потрошувачката ќе го надомести преплатениот износ директно на економскиот оператор.

## 7.3 Поврат на плаќања од земјата членка каде што се врши потрошувачката

Земјата членка каде што се врши потрошувачката го проценува недоволното плаќање согласно со националните процедури. Земјата членка каде што се врши потрошувачката може да одлучи да не го собере недоволно платеното ДДВ (на пример, ако засегнатиот износ е многу мал) или да продолжи со наплата, на следниов начин:

1) Земјата членка каде што се врши потрошувачката го потсетува економскиот оператор или неговиот посредник за недоволно платениот износ на ДДВ.
2) Земјата членка каде што се врши потрошувачката ја известува земјата членка каде што се врши идентификација по електронски пат дека потсетникот е испратен до економскиот оператор или до неговиот посредник за да го плати недоволно платениот ДДВ.
3) Земјата членка каде што се врши потрошувачката може да примени давачки или камати или казни во согласност со националното законодавство.

*Запомнете, ова се кратки заклучоци за најважните информации од курсот. Само законодавството на Европската унија објавено во хартиена верзија во Службен весник на Европската унија се смета автентично. Европската комисија не прифаќа никаква одговорност или барање за надомест на штета во поглед на оваа обука.*

Publications Office of the European Union
ISBN
DOI:
KI

© European Union, 2021
Reuse of this document is allowed, provided appropriate credit is given and any changes are indicated (Creative Commons Attribution 4.0 International license). For any use or reproduction of elements that are not owned by the EU, permission may need to be sought directly from the respective right holders.
All images © European Union, unless otherwise stated – all rights reserved.